АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 17-05-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 2131 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2022 до 31.12 2022 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 мај 2023 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 91 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (телевизиските радиодифузери кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво, тогаш кога е изводливо и со соодветни средства треба да обезбедат најмалку 51% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела при што не се смета времето одвоено за вести, спортски настани, игри, рекламирање, телетекст и телешопинг услуги).

   - **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија" бр.180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

   Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на државно ниво, е констатирано дека во текот на 2022 година, ја исполни обврската од член 91 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, најмалку 51% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела.

Од доставените Обрасци за европски аудиовизуелни дела и европски дела од независни продуценти (наш арх. број 03-1353 од 24.03.2023 година и 03-1353/2 од 27.04.2023 година), беше констатирано дека Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, во текот на 2022 година има емитувано 54.40% европски аудиовизуелни дела.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***